ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
FOOTBALL FEDERATION OF MACEDONIA

BUL. ASNOM BB
MK - 1000 SKOPJE
TEL. +389 2 3204 470
FAX. +389 2 3165 448
ffm@ffm.com.mk
www.ffm.mk

**До**

**Фудбалски клубови, членки на ОФС**

Скопје, 03.07.2015

Почитувани,

Ве известуваме дека за натпреварувачката 2015/16 година Фудбалската федерација на Македонија има намера да го зголеми бројот на регионите во регионалното натпреварување во млади категории, односно во категоријата пионери и категоријата помлади пионери.

Сите заинтересирани клубови кои можат да формираат екипа во една или во двете споменати категории можат да го пријават своето учество.

За категоријата пионери право на настап имаат фудбалери родени 2000 и 2001 година.

За категоријата помлади пионери право на настап имаат фудбалери родени 2001 и 2002 година.

Клубовите кои се натпреваруваат со свои екипи во категоријата пионери и помлади пионери во Првата(супер) лига и во Втората лига во млади категории доколку имаат регистрирано доволен број на фудбалери (+ 18) можат да пријават екипи и во ова регионално натпреварување за млади категории.

Бројот на региони ќе зависи од бројот на пријавените екипи.

Во случај да не се пријават доволно екипи за формирање на повеќе региони, бројот на региони ќе остане непроменет.

Учеството можете да го пријавите до 20.07.2015 година со назнака за Младинска комисија на ФФМ или на е-маил:

ramadan.topojani@ffm.com.mk
slavco.vojneski@ffm.com.mk

Котизацијата за учество изнесува денарска противвредност на 125 евра за една полусезона.

Пријавата за учество можете да ја најдете и на веб страната на ФФМ.

Со почит,

Фудбалска федерација на Македонија
в.д Генерален секретар,
Филип Поповски

Доставено до:

- ОФС
- Трети лиги
- координатори на детски лиги
- клубови од Прва и Втора МФЛ